УДК 39 ISSN 1409-6404

# ЕТНОЛОГ
# ETHNOLOGIST

## 9

Скопје - Skopje
2000

| Етнолог | год. VI | бр. 9 | стр. 1-327 | Скопје | 2000 |
|---|---|---|---|---|---|

**Петар НАМИЧЕВ**

Музеј на Македонија,
Скопје, Р. Македонија

УДК 314.72(497.7-15)

# МИГРАЦИИТЕ НА ГРАДИТЕЛИТЕ ОД РЕКАНСКОТО ПОДРАЧЈЕ ОД 19. И ПОЧЕТОКОТ НА 20. ВЕК

Неимарството претставува еден од традиционалните занаети на подрачјето на Реканскиот регион. Жителите на овој регион поради постоечките природни, климатски и општествено-економски услови, биле принудени да се занимаваат со сточарство и неимарство. Градителите од Реканското подрачје својата егзистенција ја барале во усовршувањето на неимарскиот занает на поширокото Балканско подрачје. Мијаците биле доминантни по бројот на жители на овој простор во периодот на 19. и почетокот на 20. век. Врз основа на примената на каменот и дрвото како основни градежни материјали, неимарите се усовршувале како врвни дрвообработувачи и каменообработувачи.

Миграционите движења во Реканскиот крај се споменуваат уште од 15. век, од периодот на освојувањето на Албанија од страна на Османлиското царство, а особено се зголемуваат во 18. век.[1] Правецот на миграционите движења е од запад кон исток, односно од пасивните краеви на Албанија кон Реканското подрачје, а од таму кон исток.[2] Од селата на Реканското подрачје населението се движело кон Полог, Охрид, Битолско и Дебарско.[3]

Мијаците како етничка група се доминантни во поглед на бројот на населбите во Реканското подрачје. Мијаците се споменуваат уште во 9. век.[4] Во овој период се споменува бројка

---

1 J. Цвијић: *Балканско полуострво и јужнословенске земље*, Београд, 1931 г. стр.109.

2 Г. Тодоровски: *Малореканскиот предел*, Скопје, ИНИ, Скопје, 1970. Стр. 19.

3 А.М. Селишев: *Славянское население в Албания,* София, 1931, стр.90; Т. Смиљанић: Мијаци, Горна Река и Мавровско Поље, *Насеља*, књ.20, стр.92.

4 Г. Траичев: *Книга за Минците*, София, 1941 г.,стр. 1,47, 49.

на жители од 25.559. Забележано е постоење на уметничка школа во Дебарско - Реканскиот крај, а како нејзин главен центар Галичник (кој се споменува уште во 10. век). Низ повеќевековната дејност на уметничко *Дебарско-Галичкаша школа* се развивале занаетите: иконописот, резбарството, декорацијата, скулптурата и каменообработувачкиот занаст. Почеток на дејноста на Мијачките копаничари по црквите (иконостасите), претставува периодот на 14. век .[5]

Во организација на селските населби постоеле старешини наречени главатари, кои ги означуваат селските кметови, кои доминирале со богатството. Овој начин на живеење со старешини, овозможил формирање и организирање на неимарски тајфи со слична организација во однос на споменатиот начин на живот. И кај неимарските тајфи, раководел старешина на групата устабашија, што се вклопува во етничкиот начин на живеење на населението. Населението се одавало на печалбарски и сточарски начин на живеење.[6] Долг период Мијаците се одржале како етничка заедница, за што говори и богатото фолклорно творештво. Може да се согледа врската со сточарството како главно занимање на населението, кое поврзано со печалбарскиот живот (неимарството), како начин на живеење, кој пак е поврзан со местото на живеење, е во постојано движење. На основа на етничките карактеристики, односно особеностите на Мијачкиот народ, околу затвореноста во смисла на традицијата за создавање на поколенија во кругот на својата етничка заедница, може да се констатира и затвореност во поглед на присутноста на мајстори задолжително од овој регион. Овие карактеристики на Мијачкиот народ се потврдуваат со доминацијата на Мијачките неимари во Реканското подрачје, кои работеле на територијата на своите населби. Но големи биле нивните можности во однос на познавањето и примената на надворешните влијанија на полето на архитектонската креативност, при градењето на објектите кои неимарите ги пренесувале од другите средини.

Во 16-от век започнала миграцијата на македонскиот население од Западна Македонија кон источните области (од Дебар и околината кон Велес, Битола, Крушево, Турција, Бугарија, Србија, Романија, Азија), што придонело за

---

[5] Д. Ќорнаков: *Творешшвошо на мијачкиѿе резбари на Балканош од крајоѿ на 18 и 19 век,* Прилеп, 1986 г.стр.50-53.; Копаничарите од Река, *Кулшурно наследсѿво*, 6, Скопје, 1975, стр. 33.

[6] Т. Смиљанић: *Мијаци, Горна Река и Мавровско Поље*, Београд, 1925 г. стр. 47,67.

проширување на разни градителски занаети на овие територии. Во 16. век со доаѓањето на трговскиот капитал во Османлиското царство, создадени се услови за обезвреднување на работата на занаетчиските производи. Во овие услови православното население, заради лошите економски услови, почнува да ја напушта селската средина.

Почетокот на 17. век претставува период во кој прв пат се појавува неимарството како печалбарски занает. Мајсторите неимарскиот занает го стекнувале и усовршувале на Света Гора и во Стара Грција, надополнувајќи го занаетот со својата извонредна вештина и вроден талент, од што произлегла една од најголемите градителски школи во овој период на Балканот, од подрачјето на Западна Македонија. Во овој период од владеењето на Отоманската империја и тешките услови кои постоеле за православното население, на кое му била задушувана просветната и културната дејност, пресуден фактор е потпората и влијанието на Света Гора. Сепак миграциите продолжуваат кон источните територии во 16., 17. и 18. век, пренесувајќи ја со себе и вештината на ѕидарскиот занает, зографството и резбарството, со што битно влијаеле во подобрувањето на уметничкиот занает, како на културниот и стопанскиот развој во средината каде што живееле.

Мијаците во текот на 18. и 19. век живееле во сливот на реката Радика.[7] Под притисок на Османлиското царство, македонското население било принудено да се сели кон исток, кон Бугарија (Варна, Бесарабија, Пловдив).[8] Современите текови и влијанија на економијата од запад, имале влијание врз миграцијата село - град, која била најинтензивна кон крајот на 18. век. Селските населби масовно се напуштани, а се зголемувал бројот на жителите во градовите.

Родот Рензовско - Зографски кој потекнува од Тресонче и Ораовец, се населил во Папрадиште (Велешко),[9] родот Станишевци во Крушево,[10] а резбарот Алекса Мирчев работел во Софија, каде што и живеел. Родот Танасковци од Реканскиот крај се преселил во Смилево,[11] родот Ангелковци од Тресонче се преселил во Папрадиште,[12] а Огненов и Димков од

7 А. Матковски: *Ѓурчин Кокалески (1775-1863)*, Скопје, 1959, стр. 71.

8 Исто, стр.7.

9 Д. Ќорнаков: *Творештвото на мијачките резбари на Балканот од крајот на 18 и 19 век*, Прилеп, 1986 г. стр. 175.

10 Исто, стр. 177.

11 Исто, стр. 191.

12 Исто, стр. 192.

Лазарополе се преселиле во Банско (Бугарија).[13] Населението од Долно Мелничани мигрирало кон Белград.[14] Кон крајот на 18. век миграциите настанале кон Битолско (Смилево), Велешко (Папрадиште, Ореше), Тиквеш и Крушево.[15] Со печалбарството кон крајот на 19. век се зголемува миграцијата на цели фамилии во Црна Гора (Подгорица), Србија (Гнилање, Јагодина, Белград, Банат, Лесковац, Ресава), во Грција (Солун, Серез, Воден), во Бугарија (Софија, Стара Загора, Видин, Варна), во Романија (Букурешт, Северин) и Украина.[16]

Голем е бројот на мијачките доселеници (околу 400 куќи или 2000 жители) во Крушево во втората половина на 19. век, кои се населувале во западниот дел на градот (од Лазарополе - Илковци; од Тресонче - Сиљановци; од Осои - Осоиковци; од Лазарополе - Цацовци; од Тресонче - Томаловци; од Гари - Максимовци).[17] Населбата Смилево била формирана од доселено население од Лазарополе и Галичник, со околу 3 000 жители или 600 семејства.[18] Миграцијата во селото Папрадиште (Велешко) се извршила со население од селата Лазарополе, Тресонче, Могорче, Ехловец (сточари и мајстори-ѕидари, резбари, зографи и иконописци,[19] а во Ореше од Лазарополе, Могорче, Тресонче и Гари.[20]

Етничкиот, културниот и економскиот пад на Османлиското царство во 19. век, придонел за зголемување на миграциските процеси и напуштање на селските населби во Македонија. Во период на зголемена масовност на печалбарските движења преку Балканскиот простор, а исто така и миграцијата село - град, со што селските населби, особено оние кои се лоцирани во планините, пропаѓаат, а објектите остануваат напуштени.

Работата на Мијачките неимари во Србија, Босна, Косово, Бугарија (Пирински дел на Македонија), Романија, Грција (Егејски дел на Македонија), Албанија и Турција, како процес со континуитет продолжува и во 19. век, со што се пренесуваат меѓусебните влијанија при изградбата на објектите

---

[13] Исто, стр. 197.

[14] Т. Смиљанић: *Мијаци, Горња Река и Мавровско Поље*, Београд, 1925, стр. 40.

[15] Исто, стр. 41.

[16] Исто, стр. 44.

[17] Г. Траичев: *Книга за мяците*, София, 1941, стр. 237-238.

[18] Исто, стр. 241.

[19] Исто, стр. 248.

[20] Исто, стр. 254.

за живеење. Мијачките резбари, создавајќи универзални дела на народната уметност кон крајот на 18. и 19. век, покрај работата на црквите и иконостасите, создавале оригинални дела и во доменот на профаната архитектура, оставајќи неизбришлива трага, дејност која се поистоветува како едно од најголемите достигнувања на македонската народна уметност.[21] Во 18. век, со појава на миграциите, започнал процесот на поместување на македонското население кон север, Австрија и кон Западна Бугарија. Во овие области тие се организирале во тајфи, развивајќи го ѕидарскиот занает. При крајот на 18. век забележана е зголемена градителска дејност во областите на западна и северозападна Македонија. Во формирањето на градската куќа на територијата на Балканот, учествувала и етничка група од оваа територија, што претставува резултат и на миграциите на населението.

На територијата на Македонија во текот на 19. век, интензивна градителска дејност постоела кај населението во регионот на селски населби околу реката Радика, познат како Рекански крај. Конфигурацијата на теренот, изобилството на градителски материјал, како и пасивност на крајот, го определиле реканскиот човек да размислува како градител. Во овој крај градителството претставува традиционално занимање на населението, во одредени селски населби. Скоро за 80% од населението, во населбите Присојница, Ростуше, Жировница и Требиште, градителството претставува основна професија која се пренесува со генерации.

Резбарството како занает на Мијачките мајстори го изучувале на Атос (Света Гора), кај мајстори кои негувале поствизантиска традиција, кои во текот на своето образование и дејност внесувале свои елементи од фолклорната традиција на Мијаците. Треба да се даде посебен акцент на нивното влијание при создавањето на другите резбарски школи и учеството во другите резбарски работилници, каде продолжувала нивната традиција. Голем потенцијал на народните градители, резбари и зографи изразен е преку формирање на свои школи за продолжување на традицијата на занаетот (формирање на резбарска школа - центар во Банско, Калофер, Пазарџик - Бугарија.[22] Потврда за специјализираноста и препознатливиот печат на творештвото на Мијачките мајстори и нивното творештво на резба и градителска дејност, преставува фактот

---

[21] Д. Ќорнаков: *Творештвото на мијачките резбари на Балканот од крајот на 18. и 19. век,* Прилеп, 1986, стр. 15, 67.

[22] Исто, стр. 158-163.

дека тие биле најбарани и најпознати мајстори во тој перод на Балканскиот Полуостров.[23] Појавата на организирање на градителите во тајфи поврзана е со 17. век за територијата на дебарската околија од каде се развила *Дебарската школа* на резбари, зографи и градители. За иницијатор на ова движење се смета Негри Фрчковски како најдобар декоратер и резбар во втората половина на 18. век. Се споменува уште и Рензовско-Зографскиот род (Тресонче). Градителите од *Дебарската школа* својата градителска инвентивност ја прошириле на целиот Балкан (Бугарија, Србија, Албанија, Босна, Косово и Грција) и пошироко (Русија Египет и Мала Азија).

Во 18., а особено во 19. век, творештвото на неимарите од *Дебарската школа* (Галичко-Реканска), достигнува своја најголема активност под водство на Мијачките мајстори.[24] Главни мајстори предводници на градителските тајфи биле образовани луѓе, почитувани од страна на локалните турски власти, кои имале привилегија во однос на останатото православно население, во смисла на наградување со чифчиски поседи.

Природно-географските прилики и материјалните можности на регионот, го принудиле селанецот, главно занимање да му стане сточарството (обработка на волна и млеко), а како единствено друго решение претставува печалбарството, односно градителскиот занает и трговијата. Вообичена е појавата за занимање на цели фамилии со еден занает - неимарскиот, резбарскиот или зографскиот, а во помал обем, кога во една фамилија во исто време неколку поколенија се занимаваат со различни занаети.

Територијата на нивното потекло е пределот на Долна и Мала река, селските населби: Галичник (како центар на *Дебарската школа* ),[25] Гари, Лазарополе, Осој, Сушица, Росоки, Битуше, Селце, Требиште.[26]

Појавата на миграции на населението на оваа теритотија, поради појавата на зголеменото насилство од запад, населението од овој крај мигрира кон велешките, крушевските и битолските села. Својата градителска активност тајфите ја манифестирале на разни типови објекти: џамии, цркви, куќи,

---

[23] Исто, стр. 173-195.

[24] Ј. Цвијић: *Балканско полуострво и јужнословенске земље*, Београд, 1931.

[25] Ј. Цвијић: *Балканско полуострво*, Београд, 1922, стр. 298-299.

[26] К. Томовски: *Македонска народна архитектура*, Скопје, 1960, стр. 7.

беговски конаци, касарни, мостови, текии.[27] Најголема дејност на неимарите на сакралната архитектура забележана е кон крајот на 18. век и првите децении на 19. век, кој се смета за период за преобразување на сите Балкански народи. Во втората половина на 18. век населението има зголемена економска моќ во рамките на Отоманската империја. Забележани се миграции на населението од Албанија и Македонија кон исток до Црно Море.

Една од најстарите градителски фамилии во Реканско-дебарската област е Рензовско-Зографската, која потекнува од селото Тресонче, од каде што еден дел од фамилијата подоцна се преселил во с. Папрадиште, во Велешко. Миграцијата во Папрадиште е одраз на дејноста на Емин-ага кој ги собрал најголемиот број на градители од тој период, за да го оформи Велес како средиште на македонската економска моќ, со што планирал да изгради конаци за себе. Оваа фамилија (од почетокот на 19. век), работела на изградбата на цркви и џамии по целиот Балкан, граделе во Солун, на територијата на северна Грција, како и конаци во Велес.

Миграциите во текот на 19. и почетокот на 20. век, влијаеле на етничките прилики на Балканот. Во овој период карактеристична е интензивната словенизација, појава на национална изградба и европеизација на градскиот живот. Присутно е народното творештво, но и влијанието на постојаната европеизација во сите домени на живеењето. Во периодот на 19. век повеќе значајни патеписци го посетиле Балканот, оставајќи вредни податоци за народната архитектура, и за трансформациите на градителската структура.

Миграциите на населението од Реканскиот крај се забележани во Велешко од крајот на 18. век. Повеќето од населението е доселено во селата Папрадиште и Ореше. Делувањето на неимарските тајфи е најинтезивна во периодот на триесеттите години на 19. век.

Во текот на 19. век со доселувањето на Мијаците и Дебраните во Битолско-Прилепската област се создале услови за развој на градителството, резбарството и зографскиот занает, од доселениците кои биле познати градители, дрвообработувачи, резбари и зографи. Постоењето на градот Битола како голем економски центар овозможил развој на

---

[27] А. Светиева: *Резбани таваници, долафи и врати во Македонија*, Скопје, 1992,
стр. 124-137.

повеќе занаети.[28] Миграцијата на населението во овие краишта се одразила и на архитектонското творештво на овие простори кое е базирано на локалната традиција на градење, под влијание на *Реканско-дебарскаша школа*.[29]

Во Охридско-Струшкиот регион доселено е население од Дебарскиот крај и Реканското подрачје каде имало искусни градители.[30]

Одредени истражувања на грчки автори за потеклото на градителските тајфи се однесуваат на регионот на планинските делови на Западна Македонија. За активноста на населението кое било доселено од Дебарскиот и Реканскиот крај, говори работата на познатите мајстори Дичо Зограф и фамилијата Рензовско-Зографска.[31]

Миграцијата на населението од Западна Македонија кон крајот на 18. и 19. век, во Пиринскиот дел има големо влијание врз развојот на градителството, резбарството и зографството.[32]

Населението од Реканскиот крај се карактеризира по тоа што секогаш тежнеело кон раселување во други области од економски или други причини.[33] Во Егејскиот дел на Македонија престојувале во зимскиот период поради топлата клима, а поврзаноста со Света Гора прераснала во традиција. Макарие Фрчковски работел на црква Св. Димитрие во с. Горно Броди; во Солун работеле фамилиите Рензовски-Зографски, Јанкулови, Фрчковски, Максимовски, Чучковци, Мирчевски и др..[34]

Во Албанија неимарите од Реканското пордрачје работеле интензивно на градбата и декорацијата на богатите фамилии. Браќата Филип и Васил Аврамови (од фамилијата

---

28 Јован Хаџивасиљевић: Град Битољ, *Брашсшво* 14, Београд, 1911; Милош Хр. Константинов: *Занаеши и еснафи*, стр. 44-48.

29 Јован Крунић: Смештај, развој и основе битољске куће при концу турске владавине, *Зборник архишекшонској факулшеша у Беоїраду* 3, (1956-57), Београд, 1957.

30 T. Smiljanić: Debarski poljani i Rekanci, *Narodna starina* 13, Zagreb, 1934.

31 Д. Ќорнаков: *Творешшвошо на мијачкише резбари на Балканош од крајош на 18. и 19. век*, Прилеп, 1986; T. Smiljanić: Debarski poljani i rekanci, *Narodna starina* 13, Zagreb, 1934

32 Д. Ќорнаков: *Творешшвошо на мијачкише резбари...*, стр. 158-163; Асен Василев: Български возрожденски мајстори, *Наука и искусшво*, София, 1965.

33 Томо Смиљанић: Племенске одлике Мијака, *Народна сшарина* 3, св. 8, Загреб, 1924, стр. 61-74; Глигор Тодоровски: *Малорекански йредел*, Скопје, 1970.

34 Д. Ќорнаков: *Творешшвошо на мијачкише резбари...*, стр. 67-153.

Филиповци), работеле во Елбасан (Албанија), како и мајсторот Нацин (Дебар).[35]

Редовно мајсторите од ова подрачје оделе на печалба во Романија, како и во Турција (Измир , Истанбул, Бурса и др.).

Најголемата активност на Мијачките неимари е забележана кај големиот број објекти кои се изградени во Македонските градови. Во Скопје и околината (Петре Гилиповиќ од Гари, Макарие Фрчковски од Галичник, Васил и Филип Аврамови, фамилијата Максимовиќ и Стефановци од Битуше, Аврам Дичов и Никола Дамјанов. Во Битола работеле мајстори од Дебарскиот крај.[36] Мајстор Петре Филиповиќ од Гари работел во Прилеп.[37] Мајсторот Дичо Зограф, како и мајстори од фамилијата Чучковци работеле во Охрид.[38] Мајсторот Тодор Петров (од фамилијата Огњановци од Гари) работел во Струга. Кузман Фрчковски и Петре Филиповски од Гари работеле во Кратово. Во Штип работел Кузман Макариев, а во Тетово Мирче Деспотов (од фамилијата Мирчевци од Осој).[39]

Мајсторите градители од ова подрачје добиле име *Дебарска школа,* по градот Дебар кој во периодот на најголемата активност на оваа школа бил надалеку познат на Балканот, а мајсторите се нарекувани Дебрани.[40] Градителството било негувано во повеќе села во Дебарскиот крај во областа Река во селските населби: Требиште, Битуше, Велебрдо, Ростуше, Јанче, Скудриње, Горно и Долно Косоврасти, Горно и Долно Мелничани, Лазарополе, Гари, Тресонче, Селце, Росоки, Галичник. Најпознати биле мајсторите Вељан (од Селце) кој работел во Скадар и Охрид; мајстор Кипро (од селото Росоки); Мирче Деспотов (од Осој) работел во Дебар и Тетово; фамилијата Пулевски, Стојанчевски и Личеновски (од Галичник); мајсторите Стенчо Марков, Христо Костов, Серафим Јосифов, Нестор Илиев, Стефан Атанасов, фамилијата Симоновци работеле во Бугарија; фамилијата Рензовски го променила местото на живеење од Тресонче во Папрадиште, Велешко, а фамилијата Везенковски се одселила во Крушево; од селото Лазарополе познати

---

35 Исто, стр. 186.

36 Јован Х. Васиљевић: *Град Битољ...*, стр. 228.

37 Д. Ќорнаков: цитирано дело, стр. 186.

38 Исто, стр. 186.

39 Исто, стр. 183-193.

40 Крум Томовски: *Дејноста на мајсторите градители од Дебарската школа во 19. век*, Гостивар, 1971, стр. 267-268.

мајстори се фамилијата Гулибеговски, Раде Дојчиновски, Рилковски, Башлаковски, Блажески, Перински, Жепчевски и др.[41]

Познати се мајсторите од Битуше - Илковски, Ивановски, Павлов, Топузоски, Тримовци, Инадески, Апостоловски, Лазаревци, Огненовски, Костовци, кои работеле во Егејска Македонија, Србија, Албанија и Бугарија. Од селото Ростуше познати биле градителските фамилии Симоновски, која работела во Србија, Црна Гора, Босна и Далмација.[42] Од селото Јанче фамилиите Негриоски, Латифовски, Џеферовски, Абазовски работеле во Галичник, во Албанија и други краеви на Балканот. Од Горно Косоврасти фамилијата Кузманови во 19. век работеле во Солун, Дебар, Ростуше, Галичник, И фамилијата Сековски која работела во Битола и Солун. Галичник претставувал голем центар каде работеле голем број на тајфи.[43]

Во Реканскиот крај постоеле многу тајфи, мајсторите Стефан Еловски (роден 1890), Страше Андоновски (во Бер, Грција, во Албанија) работеле во Белград, Луке Апостоловски работел во Турција. Во селата Бродец, Жужње, Жировница, Битуше, Горна Рибница, Беличица, Могорче, Требиште, Јанче и Аџиевци се споменуваат мајстори од истото село. Во Осој се споменуваат Божиновски Аврам (г. 1888) и Божиновски Божин (г. 1916); од Јанче фамилиите Сарчевски, Потевски, Тодоровски работеле во Шијак, Албанија;[44] од Лазарополе градители работеле во Серес, Грција. Позната е работата на мајсторот Максим Крстиќ од селото Требиште кој при крајот на 19. и почетокот на 20. век, оставил голем број на објекти, а работел и во Грција и Бугарија (Пловдив, Варна).[45]

Миграцијата на населението од Реканскиот крај во 19. век и почетокот на 20. век се одвива на целата територија на Балканскиот Полуостров. Основна причина за настанатата миграција во овој период претставува одбрана од зголемените насилства на населението од западната страна, како и печалбарскиот начин на живот, што повлекувале и преселување на фамилиите во местата каде што постоеле подобри услови за одржување на градителскиот занает. Етничките и верските

---

41 Исто, стр. 269.

42 Д. Ќорнаков: *Творештвото...*, стр. 167-173.

43 С. Брезовски: *Реканска куќа,* Скопје, 1993, стр. 77-101.

44 Податоците се прибрани на теренските истражувања од страна на авторот на текстот во периодот 1988-1994 год.

45 Д-р Блаже Смилевски: *Срцешис за Лазарошоле,* Куманово, 1995, стр. 42-47.

особености на населението од Реканскиот крај биле негувани и во населените места низ територијата на Балканскиот Полуостров. Во новонаселените населби тие го прилагодувале својот начин на живеење внесувајќи верски и етнички обичаи во односите на новата средина. Со градителскиот занает создала оригинално архитектонско творештво на објекти (куќи, цркви, конаци и др.) со специфична архитектура, при што, сепак била почитувана локалната архитектонска форма.

Petar Namičev

## MIGRATION OF MASONS FROM THE REKA DISTRICT AT THE END OF THE 19th AND THE BEGINNING OF THE 20th CENTURY

**Summary**

At the end of the 19th and the beginning of the 20th century people from the Reka district migrated to all the parts of the Balkan Peninsula. The basic reason for this were increased violence coming from the west and the practice of masons going abroad for earning money. This involved migration of not only construction workers, but also of their families, to areas where there were better opportunities for construction activities. The ethnic and religious characteristics of the population from the Reka district were in this way transferred to settlements all over the Balkan. In the new communities these people adjusted to the new way of living incorporating their own ethnic and religious traditions in their relations. Their construction activities brought about creation of original and outstanding architecture (houses, churches, monastery lodgings, etc.) still respecting the local architectural forms.